Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
**тел.:** +389 2 32 89 200
**факс:** +389 2 32 24 611
contact@aec.mk

Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став (1) точка в) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19, 153/19 и 92/21), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 28.02.2022 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

I

**СЕ ОТПОВИКУВА** одобрението за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентен број 108109 издадено од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД – Скопје со адреса во Скопје на Кеј 13-ти Ноември бр.6, по барање на корисникот.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

III

Ова решение е конечно.

## Образложение

Агенцијата за електронски комуникации има издадено одобрение за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентен број 108109 на корисникот МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД – Скопје со адреса во Скопје на Кеј 13-ти Ноември бр.6.

Корисникот МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД – Скопје до Агенцијата за електронски комуникации на 25.02.2022 година достави барање број УП1 бр.0802-93 за отповикување на одобрението за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентен број 108109.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) точка в) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19,153/19 и 92/21), се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.**

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: УП1 бр.0802-93, УП1 бр.0804-93
Скопје 01.03.2022

Изработил: Раководител на одделение за фиксна
и мобилна служба: Радка Шекутковска
28.02.2022
Раководител на Сектор за радиокомуникации:
Јане Јакимовски
Советник на директорот за радиокомуникации,
контрола и мониторинг на радиофреквенции:
Игор Бојаџиев

**Директор,**

**Jeton Akiku**

**Доставено до:**
- странка
- архива
- Сектор за радиокомуникации
- Сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенциите
- Сектор за финансии и сметководство

АЕК-301.17